Македонски Телеком АД Скопје

# ИЗЈАВА

# ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што Македонски Телеком АД Скопје(во натамошниот текст: Контролор или МКТ), ги собира од вас со вршење на видеонадзор при посета на неговите службени/деловни простории и како Контролорот ги користи овие податоци.

1. Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?
(1) Контролорот собира лични податоци преку системот за видео надзор од следните причини:

- Заради контрола на пристапот до своите службени објекти (зграда, влез, простории..) и деловни простории – продажни салони, заради обезбедување на сигурноста на објектот, безбедноста на вработените, посетителите и корисниците;
- За да се спречи, одврати и, доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ инфраструктура, оперативни информации и опрема за пристап и чување на информации, кои се лоцирани во просториите под контрола на МКТ;
- Да се спречи, открие и да се испита кражба, друг противправен акт или штетно дејство насочено кон опремата или средства во сопственост на Контролорот или кон посетителите, вработените или корисниците кои се наоѓаат во службените или деловните простории на МКТ;
- за превенција и контрола на закани по безбедноста на персоналот кој работи во просториите или посетителите во просториите на Контролорот (на пример: пожар, физички напад и сл.).

(2) Системот за видео надзор не се користи за други цели, ниту како средство за следење на работата на вработените или нивното присуство.
(3) Камерите за видео надзор се инсталираат на пристапни точки во објект (нпр. влез/излез, ходници, скалила, простор пред лифтови и сл.) или простории каде се чува техничка опрема и комуникациска инфраструктура. По потреба камери се инсталираат и за надзор на други површини околу објектите преку кои се пристапува до имотот (нпр. паркинг простор, гаражи, пристап за растовар на стока, магацински простор и сл.). Контролорот ги поставува средствата за видеонадзор на начин што истите не вршат снимање на околниот јавен простор, освен просторот во непосредна близина на своите службени и деловни простории.
(4) Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на местата кои се под видеонадзор, но истите начелно не се користат за препознавање на идентитет на физички лица преку видеонадзор. Сепак, во услови кога на снимките од видеонадзорот се утврди извршено кривично дело или друг противправен или штетен настан во просториите на Контролорот, податоците од видеонадзорот може да бидат користени заради утврдување на идентитет и начин на извршување на противправниот акт во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага и пренесени до соодветни државни органи во постапка предвидена со закон.

2. Какви податоци собира Контролорот?
Контролорот собира само визуелни слики кои се снимаат од камерите за видеонадзор. Контролорот не врши тонско снимање.

3. Кој е одговорен за обработка на податоците?
МКТ како контролор ја врши обработката на личните податоци и ги утврдува целите на оваа активност на обработка. Целите се во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Вишиот специјалист за корпоративна безбедност од Службата за корпоративна безбедност е одговорно лице за видео надзорот и е лице за контакт.

4. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за видео надзор?
(1) Контролорот користи опрема за видео надзор заради исполнување на следните цели кои се во согласност со член 90 од Законот за заштита на личните податоци:

- Заштита на сопственост
- Заштита на живот и здравје на луѓето
- Контрола на влез и излез од службени простории за безбедносни цели

(2) Покрај тоа, на влезот на секој службен објект или деловна просторија – продажен салон има истакнато известување за видео надзор кое им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со основните податоци за видео надзорот, називот на контролорот кој го врши видео надзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

5. Кој може да ги види моите лични податоци?
Пристап до видео записите имаат само овластените лица за видео надзор од Контролорот, додека пристап до снимката во живо од видео надзорот имаат и овластени лица од ангажираната агенција за обезбедување. Пристапот до дигиталните видео рекордери и поврзаната техничка опрема на која се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоцита (лозинка и запис (лог) за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на МКТ.

6. Како да ги остварите вашите права по однос на личните податоци од видеонадзор?
(1) Како субјект на лични податоци имате право да побарате остварување на правата пропишани со ЗЗЛП по однос на вашите лични податоци кои биле обработени со видеонадзор.
(2) За остварување на вашето право, потребно е да доставите барање во писмена форма, каде ќе ги наведете вашето име и презиме, контакт податоци и ќе ги објасните околностите и сите потребни информации поврзани со вашето барање. МКТ има право да го провери вашиот идентитет и да побара дополнителни информации за да постапи по барањето.
(3) Барањето може да го доставите во главната архива на МКТ која се наоѓа во Скопје на Кеј 13 Ноември бр. 6 Скопје, со назнака – за Офицер за заштита на лични податоци или во електронска форма на следната адреса за електронска пошта – dpo@telekom.mk

7. Дали можам да пристапам до моите податоци?
Вие имате право да побарате пристап до вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до Контролорот согласно точка 6 погоре.

8. Можам ли да ги менувам моите податоци?
Не е дозволено изменување на видео записот од видео надзор.

9. Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?
Вие имате право да побарате ограничување на обработката на вашите лични податоци со испраќање на барање до Контролорот согласно точка 6 погоре кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на неговите задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработка и кога работењето е незаконско и вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

10. Дали можам да ги избришам моите податоци?
Вие имате право да побарате бришење на вашите податоци со испраќање на барање до Контролорот согласно точка 6 погоре, кога сметате дека обработката е незаконска.

11. Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?
По правило, податоците од видеонадзор се чуваат од страна на Контролорот и не се споделуваат со трети лица, освен ако не побарате од нас или не ни дадете дозвола да ги споделиме.

Во случај да ги споделиме вашите податоци со трети страни, на ваше барање, ќе бидете известени на кого се откриени вашите лични податоци, за која цел и врз кој законски основ.

12. Дали имам право на приговор?
Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во кое било време со испраќање на барање до Контролорот согласно точка 6 погоре, кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација. Контролорот ќе одговори по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

13. Што можам да направам во случај на проблем?
а) Прв чекор е да го известите Контролорот со јавување на телефонскиот број 02/32 42 908 во Службата за корпоративната безбедност каде може да се добијат иницијални информации за видеонадзорот и да побарате превземање на соодветна активност.
б) Доколку не добиете одговор или не сте задоволни од него, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци на dpo@telekom.mk
в) Доколку сметате дека преземените мерки од Контролорот не се доволни, може да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци www.azlp.mk

14. Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот за видео надзор?
Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Контролорот.

15. Безбедност на личните податоци
Контролорот е посветен на заштита на вашите лични податоци. При вршење на видео надзор се применуваат безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци од неовластен пристап, употреба или откривање. Вашите податоци се чуваат на компјутерски систем со ограничен пристап и во контролирана околина.

16. Колку долго ги чуваме вашите податоци?
(1) Контролорот по правило ги чува вашите лични податоци од видео надзор 30 дена, по што сите снимени видео записи автоматски се бришат.
(2) По исклучок, одредени снимки од видео надзор може да се чуваат подолг период, доколку постои барање од овластен орган дадено на контролорот во постапка утврдена со закон (нпр. за водење на службена истрага или откривање на сторител на кривично дело), или доколку снимката од видео надзор е потребна за водење на други постапки согласно закон или легитимен интерес на Контролорот, до завршување на постапката.